***Број: 02 - 653/2***
***24.01.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 24.01.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*

- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурски (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXVI седница на УО одржана на 16.01.2008 година.*

1. *Референтни цени на лекови;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
3. *Одлука за издавање на потврди за платен придонес за задолжително здравствено осигурување во случаите кога е платен главниот долг по поднесени тужби од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно*

*Страшо Наумоски предложи Управниот одбор под точката разно да расправа по барањето на Здружението на приватни лекари во Република Македонија добиено пред почетокот на седницата.*

*Директорот Тренкоски предложи во рамките на расправата по првата точка на дневниот ред да се разгледа и предлог одлуката за утврдување на датум на важење на тендерот за лекови. Исто така предложи Управниот одбор да расправа и за склучувањето на договори со здравствените установи кои немаат решение за вршење на дејноста од Министерството за здравство.*

*Трајче Леов побара известување во врска со бараната контрола на работењето на матичните лекари.*

*Аљбон Џемаили побара известување за статусот кој го имаат лековите Movalis и Spiriva во поглед на финансирањето на нивната употреба од Фондот.*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предлозите, по што го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXVI седница на УО одржана на 16.01.2008 година.*

1. *Референтни цени на лекови;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
3. *Одлука за издавање на потврди за платен придонес за задолжително здравствено осигурување во случаите кога е платен главниот долг по поднесени тужби од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно*

*4.1 Известување за статусот кој го имаат лековите Movalis и Spiriva во поглед на финансирањето на нивната употреба од Фондот;*
*4.2 Барање од Здружението на приватни лекари во Република Македонија;*
*Здравствени установи кои немаат решение за вршење на дејноста од Министерството за здравство*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXVI седница на Управниот одбор одржана на 16.01.2008 година.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека во неговата дискусија по точката 1 од дневниот ред на страна 6, наместо „средствата што институтот ги прибира од партиципацијата на осигурениците“ треба да стои „средствата кои Фондот ги рефундира на осигурениците за услугите добиени од овој институт“*

*Со оваа исправка, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXVI седница на Управниот одбор одржана на 16.01.2008.*

***ТОЧКА 1-*** *Референтни цени на лекови;*

*Директорот Тренкоски во врска со завршената постапка на јавна набавка на лекови ја објасни потребата за утврдување на референтни цени на лекови за оние за кои не е извршен избор согласно постапката.*

*Маја Чемерикиќ ја презентираше анализата за утврдување на референтни цени на лековите за кои не е извршен избор. Беше нагласено дека согласно Законот за лекови и медицински помагала како критериум за утврдување е избор на најниска цена меѓу дефинираната единствена големопродажна цена и понудена цена на тендерот. Како извор на податоци за оваа анализа биле користени податоци од интернет и притоа беше појаснето дека ФЗОМ нема добиено одговор на поднесеното официјално барање од Министерството за здравство за единствени цени.*

*За таа цел е составена листа на лекови сега презентирана на Управниот одбор за која треба да се утврдат референтни цени.*

*Потоа поединечно се осврна на одделни препарати предложени за утврдување на референтна цена за кои не бил извшен избор при постапката на јавна набавка.*

*По ова членовите на Управниот одбор поставуваа прашања за одделни препарати а Маја Чемерикиќ даваше објаснувања.*

*Трајче Леов праша дали при утврдувањето на референтните цени е водена сметка да се почитуваат одредбите на Законот за лекови и медицински помагала за дефинирање на единствени цени на лекови во однос на евентуалните понудени цени на тендерот ?*

*Директорот Тренкоски одговори потврдно при што додаде дека и во договорите со веледрогериите е внесена одредба според која Фондот нема да плаќа повисоки цени за лекови во однос на дефинираните единствени цени. Потоа објасни дека за лекови избрани на тендерот, Фондот има обврска да обезбеди ексклузивност во следните шест месеци. За нив, дури по истекот на шесте месеци осигуреникот ќе може да избере друг соодветен лек со доплата. За оние лекови пак кои не се избрани на тендер, референтните цени треба да стапат во сила веднаш по донесување на одлука од Управниот одбор.*

*Трајче Леов осврнувајќи се на презентацијата на видео бимот забележа дека со спроведувањето на тендерот за лековите е остварена значителна добивка за Фондот. Побара стручните служби да изготват анализа за заштедата Фондот со спроведувањето на тендерот и воведување на референтните цени на лекови.*

*Љубиша Каранфиловски ја изнесе дилемата дали Управниот одбор може да донесе референтни цени без претходно добиено мислење од Министерството за здравство односно од Бирото за лекови.*

*Директорот Тренкоски се согласи дека редовниот пат за донесување на референтните цени оди преку Министерството за здравство односно од Бирото за лекови но ја нагласи потребата од утврдување на референтни цени во овој момент. Додаде дека по објавувањето на цените од страна на Министерството односно Бирото, доколку постои разлика кај некои цени таа ќе се коригира.*

*Аљбон Џемаили постави прашање како треба да се постапува со цените кои се изразени во денари и дени, како на пример 62,97 денари, односно дали може да се заокружат кога е познато дека во прометот не се користат монети помали од еден денар.*

*Трајче Леов даде предлог на поставеното прашање да се побара мислење од Снежана Костадиноска Милошеска како претставник на Министерството за финансии.*

*По ова Управниот одбор едногласно донесе*

**_Одлука_**
**_за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на_**
**_Фондот за здравствено осигурување на Македонија_**

_Во продолжение, директорот Тренкоски објасни дека тендерот за лекови заврши на 04.01.2008 а на 08.01.2008 година е добиена одлуката на второстепената тендерска комисија со која приговорите се одбиени. Договорите со добавувачите содржат одредба дека цените на лековите утврдени на тендер не може да бидат повисоки од единствените цени утврдени од Министерството за здравство. Ова, иако со негодување е прифатено од веледрогериите, но тие и понатаму негодуваат за начинот на плаќањето преку болниците. 11 од 17 веледрогерии кои добија на тендерот веќе потпишаа договори. Реален проблем за Фондот во овој момент е февруарската дистрибуција на лекови. Додаде дека според него, тендерот треба да важи од февруари. Дистрибуцијата може да започне или на 01.02.2008 или на 01.03.2008 година. Подобро е да започне во февруари но тогаш постои опасност да се појави недостаток на лекови. Доколку се започне во март би останало повеќе време за усогласување на цените и потпишување договори со добавувачите на лекови. Одлуката треба да ја донесе Управниот одбор._

_Трајче Леов изрази мислење дека секое одложување носи повеќе проблеми отколку придобивки и поради тоа смета дека договорите и утврдените цени на лековите по тендерот за набавка на лекови од треба да се применуваат од 01.02.2008 година. Евентуално појавените проблеми треба да се решаваат во од._

_Останатите членови се согласија со овој став по што Управниот одбор едногласно донесе_

**_Одлука_**
**_за отпочнување на применување на склучените договори и утврдените цени на лекови по Меѓународниот ограничен повик бр.05-8160/2 - 2007 за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија_**

**_ТОЧКА 2-_** _Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година_

_По оваа точка од дневниот ред Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека. Таа објасни дека е потребно да се изврши зголемување на буџетскиот плафон на Заводот за превенција лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид за 20.000.000 денари. Средставата ќе се обезбедат од средставата наменети за приватните здравствени установи. Оваа пренамена нема да се одрази на Буџетот на Фондот. Освен ова, потребно е да се утврди и надоместокот за 2008 година за здравствените установи Дебарска бања, Катлановска Бања и Филип Втори._

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплатиза услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплатиза услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплатиза услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***ТОЧКА 3-*** *Одлука за издавање на потврди за платен придонес за задолжително здравствено осигурување во случаите кога е платен главниот долг по поднесени тужби од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев објасни дека Фондот поведе голем број на судски постапки за наплата на долгуваниот придонес за здравствено осигурување. Притоа, согласно законот Фондот освен главниот долг ја побарува и законската камата. По добивањето на тужбите поголем број должници го плаќаат главниот долг и бараат да им се издадат потврди за платен придонес, т.н. сини картони.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за издавање на потврди за платен придонес за задолжително здравствено осигурување во случаите кога е платен главниот долг по поднесени тужби од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4-*** *Разно*

*Известување за статусот кој го имаат лековите Movalis и Spiriva во поглед на финансирањето на нивната употреба од Фондот;*

*Претседателот Аљбон Џемаили побара објаснување за лековите Movalis и Spiriva односно како е уредено снабдувањето со овие лекови.*

*Директорот Тренкоски објасни дека согласно заклучокот на Управниот одбор од седницата одржана на 30.11.2007 година, при утврдувањето на буџетските плафони на јавните здравствени установи за 2008 година се земени предвид и потребите за овие лекови. Оттаму, од средствата на сопствениот буџет, здравствените установи каде се аплицираат овие лекови треба да распишат тендер за нивна набавка. Во таа смисла, Фондот ќе упати допис со објаснување до соодветните здравствени установи.*

*Барање од Здружението на приватни лекари во Република Македонија;*

*Страшо Наумоски објасни дека Здружението на приватни лекари бара изземање од буџетот на матичните лекари за препишување на лекови од позитивната листа за одредени генерики. За нив е карактеристично што воведувањето во терапија се врши исклучиво од лекари специјалисти кои и понатаму го спроведуваат доживотниот третман. Матичниот лекар од своја страна нема влијание во препишувањето на лековите поради што е исклучена секаква можност за злоупотреба. Бидејќи се работи за скапи лекови тие го оптоваруваат буџетот на матичните лекари.*

*Според Маја Чемерикиќ, покрај лековите наведени од Здружението и оние од списокот усвоен од Управниот одбор на 07.12.2007 година постојат и дузина други лекови за кои би можело да се најде оправдание за изземање од буџетот на матичните лекари. Ако се појде по тој пат ќе дојдеме во состојба преголем број лекови да бидат исклучени.*

*Директорот Тренкоски изрази незадоволство од односот на лекарите кон остварувањето на целта рационално препишување на лекови. Нагласи дека не може да се прават повеќе изземања на лекови а да не се доведе во прашање овој критериум. Доколку лекарите сакаат  целосно негововелиминирање, ќе бидеме принудени да ја намалиме капитацијата.*

*По ова, Управниот одбор одлучи барањето да биде одбиено.*

*Здравствени установи кои немаат решение за вршење на дејноста од Министерството за здравство*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред, на членовите на Управниот одбор им беше поделен список на установи кои имаат и немаат решение за вршење на дејност издадено од Министерството за здравство.*

*Објаснување дадоа Ромела Поповиќ Трајкова и Лазар Трајчев кои објаснија дека решенија помеѓу другите немаат и кллиниките кои настанаа со поделбата на Универзитетскиот Клинички Центар Скопје а на пример Јавното сообраќајно*

*претпријатие Скопје има дозвола која според Министрството за здравство е важечка. Во однос на клиниките, во Министерството сметаат дека со оглед на фактот што Универзитетскиот Клинички Центар Скопје имал решение, и клиниките кои од него настанаа треба да се смета дека имаат. Министерството не издава решенија а од Фондот бара да одлучи за склучувањето на договори.*

*Страшо Наумоски укажа дека ако некоја приватна здравствена установа не поднесе комплетна документација што вклучува и решение од Министерството, Фондот со неа нема да склучи договор. Значи се поставува прашање за еднаквиот третман на здравствените установи. Од друга страна, заводите за здравствена заштита се од посебен интерес за здравството и е неопходно со нив да се склучи договор а познато е дека и тие ги немаат прибавено потребните решенија. Тука се укажува потреба одговорните лица кои правовремено не ги обезбедиле неопходните документи да се повикаат на одговорност.*

*Во дискусијата го поддржа и Трајче Леов кој исто така се запраша како може подолго време да постои таква состојба за која одговорните лица не се грижат. За ова не може да се најде оправдување.*

*Директорот Тренкоски предложи Управниот одбор да овозможи преоден рок во кој здравствените установи ќе треба да ја комплетираат документацијата. На пример да се склучат договори со установите кои ги имаат останатите документи и да им се овозможи комплетирањето да го извршат до 30.04.2008. Доколку тоа не биде сторено во овој рок, важењето на договрот да престане и понатаму да не им се вршат плаќања.*

*Понатаму објасни оти од Владата сметаат дека со Воената болница во Скопје која исто така нема решение од Министерството не треба да се склучи договор поради незапочнатиот процес на трансформација.*

*Потоа објаснување даде и заменикот на директорот на Фондот Љатиф Аљиљи кои на членовите на Управниот одбор им предочи некои можности за идните односи со Воената болница.*

*По ова, претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили предложи оваа точка од дневниот ред да биде одложена за следната седница за кога да се обезбедат дополнителни објаснувања од стручните служби на Фондот.*

*Откако ја разгледа оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***